WE ARE MAKING A DIFERENCE 15 YEARS

CEA
Center for Economic Analyses

БДП-ФЕТИШОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ана Марија Петровска
Марјан Николов

Што значи квалитет на живот и прогрес за граѓаните во Република Македонија?

Октомври, 2017

БДП - ФЕТИШОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Што значи квалитет на живот и прогрес за граѓаните во Република Македонија?!

Центар за економски анализи – ЦЕА

Ана Марија Петровска
Марјан Николов

Октомври, 2017

Општи информации за ЦЕА

Адреса:

ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА)

бул. Јане Сандански 63/3,
1000 Скопје, Македонија

тел.: + 389 (0)2 24 44 766
моб.: + 389 71 310 974

ЕДБ: 4030003479278
РБ: 5763061

Сметка:
Стопанска Банка АД Скопје
број на сметка: 200000856268559

веб-страница и е-пошта:

www.cea.org.mk
www.mkbudget.org
info@cea.org.mk

„Господине Шлихтман, целта на овие прашања не е да ве навредиме или засрамиме туку за да ја утврдиме веродостојноста на вашата изјава за вашиот имот!“, со смирен глас го поттикнува судијата за лично банкротство господинот Шлихтман. „Разбирам“, одговара тој. Но судијата е упорен па го прашува господинот Шлихтман како мисли да ги убеди кредиторите дека во својата 17 годишна кариера како адвокат има само 14 долари и едно радио. *„Каде отиде се?“*, се обидува да добие објаснување судијата? *„Мислите на парите?“*, отсутно прашува господинот Шлихтман. ***„Парите, имотот, личните работи кои еден човек ги здобива во својот живот, работи по кои нечиј живот го мериме!“***, појаснува судијата. „Што се случи?“, дополнително потенцира судијата. Господинот Шлихтман стои замислен и не само во неможност да одговори туку се чини и е рамнодушен поради фактот што не може да објасни дека **мерката според која општеството му суди за неговиот и било кој живот според материјалните добра е несоодветна на неговата лична и материјална жртва и битка со голема компанија застапувајќи ги жртвите од загадувачка технологија на таа компанија која однела бројни човечки животи и дека таа општествена мерка е неприменлива и навредлива во неговиот случај.** Кога случајот со компанијата завршува пред Американската ЕПА (Агенција за заштита на животната средина) и со судска правда за жртвите, тогаш господинот Шлихтман добива лична сатисфакција за неговата морална вертикала дека мерката на општеството за неговата лична жртва со основа на материјалното е неспоредлива со неговата лична мерка за правда и правичност.

Од Американската драма: A Civil Action, 1999

Содржина:

Вовед....5
Бруто домашен производ....9
Бруто домашен производ по глава на жител....10
Конвергенција....14
Индекс на одржлива економска благосостојба....12
Индекс на човеков развој....15
Џини коефициент....17
Индекс на очекувано траење на животот....19
Стапка на смртност кај доенчиња....21
Индекс на задоволство од животот....23
Индекс на среќа....25
Платено породилно отсуство....27
Право на таткото за породилно отсуство....29
Индекс на квалитет на животот....29
Заклучок....34
Општи заклучоци и препораки....34
Детални заклучоци....35

Листа на кратенки

БДП – Бруто Домашен Производ
ДЗС – Државен Завод за Статистика
ЕПА – Агенција за Заштита на Животната средина
ЕУ – Европска Унија
ИОЕБ – Индекс на одржливост на економската благосостојба
ИЧР – Индекс на Човеков Развој
МОТ – Меѓународна Организација на Трудот
НБРМ – Народна Банка на Република Македонија
ПО – породилно отсуство
РМ – Република Македонија
САД – Соединети Американски Држави
ЦЕА – Центар за Економски Анализи

Вовед

Наративот на современиот пристап на економска анализа се сведува на оценка не на морално-етичкиот аспект на социо-економската активност во една економија туку на описна економија. При тоа се земаат во предвид ограниченоста на ресурсите преку крива на ограничување за да се ограничат сите бесконечни можности но ретко, многу ретко се земаат во предвид и елементи кои се рефлексија на самата човечка природа т.е. на она што е познато како animal spirits во економијата. Исто така, претежно рамката која се претпоставува е Парето оптимумот без да се земе во предвид дека и целосна нееднаквост е исто така Парето оптимум. Понатаму, дали само механичкото мерење на производството и доходот е најважното при релативната споредба за тоа како сме живееле минатата година или за тоа како да се споредиме со други економии? На пример, се мери активноста на маркетинг за алкохол и активноста на јавната администрација (преку инпутот) но не и ефикасноста, вредноста на семејниот труд, нееднаквоста, социјалните аспекти на долгорочната невработеност или незадоволството од загаденоста од воздухот.

Формално гледано економистите прават типологија на пристапот на економски раст но остануваат заглавени во поедноставувањето на објаснување на комплексноста на тоа што значи прогрес, среќа, развој, одржливост за еден граѓанин. На пример, трајната определба да се објасни економскиот раст дава интересна научна експликација но тоа ништо не значи доколку пристапот не мери и нееднаквост, несреќа и неодржливото користење на ресурсите на земјата како да тие се вечно издашни и неограничени. Проблемот е сличен со оној на господинот Шлихтман на кој му се суди преку мерка за материјалноста на неговото постоење и затоа тој не може да го ревалоризира својот труд за правда и правдина што работел за тоа да жртвите на една неправдина добијат правда и затоа што тоа не му се мери во општеството кое базира на материјалното. Економистите вака отприлика еволуирале на патеката за потрага по главни двигатели на економски раст во деценииите на економска мисла како во наредниот приказ.

50s – физички капитал	90s – човечки капитал
60s – природен капитал	00s – институционален капитал
70s – човечки капитал	10s – животна средина
80s – финансиски капитал	20s - глобални јавни добра?

Сепак, исцрпливоста на ресурсите на планетата Земја не е земена во предвид во бесцелната потрага по извори за економски раст како и важноста на екстерналиите, јавниот интерес, асиметричноста на информациите, неперфектноста на пазарите во тесната рамка на економскиот раст како цел сама за себе.

Во тој контекст, Македонија каде стапката на сиромаштија изнесува скоро 22% од вкупното население, каде речиси 1/3 од децата живеат во сиромаштија, а тоа го нарушува нивниот здрав развој и пристапот до квалитетно образование, каде јазот на нееднаквоста се шири, каде младите се со највисока стапка на невработеност и затоа во просек одлучуваа да ја напуштат земјата, сметаме дека Владата треба да почне да користи и друга метрика за развој и прогрес за да може поефикасно да ја прилагоди својата агенда кон потребите на граѓаните.

ПРЕДЛАГАМЕ ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА ДА ПОЧНЕ ДА МЕРИ И АЛТЕРНАТИВНА МЕРКА НА БДП ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ВО ТАА НАСОКА Е И ОВОЈ ТРУД

Економската активност и општествениот живот

Мерењето на квалитетот на живот преку БДП не дава реален приказ на моменталната социо-економска и општествена состојба во една земја. Мерењето на БДП не ги вклучува општествените и еколошките трошоци. Тој претставува примарен индикатор или мерка на економско производство во рамките на една земја (раст и развој) и ги мери приходите, заштедите, купувањата на кредити, производството на стоки и акумулацијата на капиталот. При тоа БДП не мери: општа состојба на здравје, смртност кај доенчиња, стапка на самоубиство, криминал, сиромаштија, животна средина, квалитет на инфраструктура, семеен труд, кохезија и доверба помеѓу заедниците, недостаток на грижа за идните генерации, јаз во приходите (жени/мажи, сиромашни/богати). Во таа насока, доколку БДП расте, не мора да значи дека и благосостојбата се подобрува паралелно. Не може да се претпостави дека условите за живеење се подобрени само затоа што се потрошени повеќе парични средства.

Социо-економскиот развој на една земја мерен преку низа на показатели и индекси има за цел да измери дали е обезбеден квалитетен живот на граѓаните, квалитетно образование, добра здравствена заштита и безбедност како и да измери дали има правична распределба на богатството на нацијата. Тој развој е рефлексија на отчетно и одговорно владеење но и на исполнување на меѓународни обврски на една економија.

Земјите од Југоисточна Европа и Западен Балкан освен Хрватска се класифицираат како земји во развој кои имаат релативно низок економски раст кој што резултира со релативно низок животен стандард на граѓаните. Нискиот стандард на живеење на населението во земјите во развој се издвојува како клучен проблем во развојот. Развојот на приходот по глава на жител со текот на времето и факторите кои влијаат на економскиот развој или стагнација се од особено значење и затоа ги обработуваме подетално низ низата на показатели подолу. Меѓутоа, интеракцијата помеѓу економските и неекономските фактори е од големо значење за разбирањето на динамиката на социо-економскиот развој.[1]

1) The dynamics of Socio-Economic Development, An introduction, Adam Szirmai, Cambridge University Press, 2005.

БДП во тој контекст е само симплификација за тоа што е тоа што го очекуваат граѓаните на една држава, а и погрешно се претставува како цел сама за себе иако е само индикатор за мониторинг на економска активност. Квалитетот на живот на едно општество не може да се темели и мери само преку стандардните мерки на општествено економските променливи како што се економски раст, невработеност, инфлација туку квалитетот на живот се темели и врз широко распространетите перцепции на луѓето. *„Статистичките концепти може да бидат точни, но процесот на мерење може да биде нецелосен. Во многу случаи, постојат дебати за тоа кои се вистинските концепти и соодветно користење на различни концепти. Кога има големи промени во нееднаквоста (генерално промената во распределбата на приходите), бруто-домашниот производ (БДП) или кој било друг агрегат пресметан по глава на жител не може да обезбеди точна проценка на ситуацијата во која повеќето луѓе се наоѓаат. Доколку нееднаквоста се зголеми доволно во однос на зголемувањето на просекот на БДП по жител, повеќето луѓе можат да бидат во полоша состојба иако просечните приходи се зголемуваат. Најчесто користените статистички податоци не можат да опфатат некои појави што имаат се поголемо влијание врз благосостојбата на граѓаните. На пример, сообраќајниот метеж може да го зголеми БДП како резултат на зголемената употреба на бензинот, но очигледно не квалитетот на живот. Покрај тоа, ако граѓаните се загрижени за квалитетот на воздухот и загадувањето на воздухот се зголемува, тогаш статистичките мерки кои го игнорираат загадувањето на воздухот ќе обезбедат неточна проценка на она што се случува со благосостојбата на граѓаните. Или, тенденцијата за мерење на постепените промени може да биде несоодветна за да ги опфати ризиците од ненадејни промени во животната средина, како што се климатските промени. Начинот на објавување или користење на статистичките податоци може да обезбеди искривена слика за трендовите на економските појави. На пример, голем акцент обично се става на БДП иако нето-националниот производ (кој го зема предвид ефектот на амортизација), или реалниот приход на домаќинствата (кој се фокусира на реалниот доход на домаќинствата во рамките на економијата) може да биде порелевантен".* [2]

Зошто БДП не е соодветна мерка за благосостојбата и квалитетот на живот во едно општество?!

Како што напоменавме погоре, БДП е статистичка стандардна мерка која не ги зема предвид општествените индикатори кои ја мерат општествената благосостојба и богатство преку грижа за семејството, домаќинство, доброволна работа во заедницата и поголемиот дел од уметноста и културата кои придонесуваат за благосостојба, квалитетот на животната средина и кои не се изразени во парични единици при што напорите на граѓаните се потценети.

Во Р. Македонија развиеноста на економијата е рефлектирана на ниво на мерење на БДП каде што се губи смислата за реален приказ на развиеноста бидејќи честопати

2) http://ec.europa.eu/eurostat/documents/118025/118123/Fitoussi+Commission+report.

БДП се смета само како цел сама за себе, иако е само индикатор за мониторинг на економската активност. Со цел утврдување на состојбата во која се наоѓа Македонија и социо-економскиот развој, во прилог даваме алтернативни мерки - социо-економски индикатори преку кои се мери благосостојбата и квалитетот на живот во земјите во развој од Југоисточна Европа и Западен Балкан (вклучително и Хрватска како земја со развиена економија како и Грција). Дополнително правиме и споредба на Македонија со ЕУ земјите во целина или за одредени избрани земји. Преку ова истражување ја мериме нееднаквоста при распределба на доходот, развиеноста на економијата мерена преку бруто домашниот производ, очекуваното траење на живот, квалитетот на човековиот развој преку среќата и субјективната благосостојба на граѓаните во една држава, времетраењето на породилно отсуство. **Целта ни е да поттикнеме дебата во општеството и да ја повикаме Владата на РМ и ДЗС да пристапат кон нова метрика дополнително на БДП со која пореално ќе го сублимираме развојот и прогресот на Република Македонија. На тој начин би се постигнало и поефикасно поставување на стратешки цели и политики за решавање на проблемите на граѓаните.**

Во прилог ги дискутираме следните индикатори:

1. Бруто Домашен Производ (по глава на жител)
2. Индекс на одржлива економска благосостојба
3. Индекс на човековиот развој
4. Џини коефициент
5. Индекс на очекувано траење на живот
6. Индекс на задоволство од животот
7. Индекс на среќа
8. Платено породилно отсуство
9. Индекс на квалитет на животот

Ова не значи дека предлагаме исцрпна листа на дополнителна мерка на онаа на БДП туку сакаме да укажеме на фактот дека секоја мерка е само моделирање и само еден мал аспект на една комплексна целина и дека имањето на повеќе мониторинг индикатори само ќе ја олесни работата на оние кои носат политики за да поефикасно ја извршуваат својата јавна функција на задоволство на граѓаните.

Бруто домашен производ

Овој индикатор е најшироко применуван и нема посебно да го објаснуваме туку само ќе дадеме неколку аспекти кои помалку се обсервирани од јавноста. Производството на стоки и услуги односно бруто домашниот производ (БДП) е примарен показател за развиеноста на економијата во една држава. БДП ја претставува вкупната вредност на се што е произведено во рамките на една земја. На График 1 е прикажан трендот на БДП за овој период и истиот е прикажан со испрекинатата линија, додека пак полната линија ги покажува вредностите на БДП за секоја година поединечно. Глобалната финансиска и економска криза, немаше големо влијание врз македонската економија но сепак негативни ефекти беа пренесени претежно преку надворешно-трговскиот механизам на размена.

График 1.
Тренд на БДП за Македонија во периодот 2005-2016 година

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светска банка, 2005-2016 година



Со податоци од БДП од земјите од Југоисточна Европа и Западен Балкан вклучувајќи ја и Грција направена е споредба на БДП на истите (График 2). Со податоците од Светска банка, земена е временска серија од 12 години за периодот 2005-2016 година. Споредбено со земјите од регионот, Македонија не трпи значителен висок негативен пад на стапката на раст на БДП (Албанија и Косово имаат позитивни стапки на раст на БДП во 2009 година). Во посткризниот период, 2012 година се забележува повторно пад на стапката на раст на БДП со негативна вредност приближно на онаа од 2009 година. Во годините од 2013 до 2015 година, стапката на раст на БДП бележи раст во континуитет и во 2015 година изнесува 3,67% меѓутоа далеку од највисоката вредност во разгледуваниот период каде што истата изнесувала речиси двојно повеќе или 6,47% во 2007 година. Во 2016 година, стапката на раст на БДП е намалена за 1,26 процентни поени во однос на минатата година. **Просечната стапка на раст на БДП (аритметичка средина од годишните стапки на БДП за 12 години во периодот 2005-2016 година) за Македонија изнесува 3,27% и е повисока во однос на седум од девет држави од регионот како: Србија, Романија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Грција. Повисока просечна годишна стапка на раст на БДП од Македонија, имаат Косово и Албанија.**

График 2.
Просечна годишна стапка на раст на БДП за Македонија и регионот [3]

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светска банка, 2005-2016 година

Бруто домашен производ по глава на жител

Иако БДП по глава на жител во Македонија се зголемува после 2000 та година, сепак тој во 2015 година е за 15 пати понизок од БДП по глава на жител за ЕУ 28 и споредено со 2000 та година јазот е зголемен за 5 пати. По осамостојувањето на РМ во 1991 година, доколку го разгледуваме БДП по глава на жител за 1991, 1995, 2000, 2005, 2010 и 2015 година, како што е прикажано на График 3, тој е најнизок во 2000 година и изнесува скоро 1.900 долари по глава на жител. За истата година, просечниот БДП по глава на жител за ЕУ 15 земјите изнесува нешто повеќе од 18.000 долари што е скоро за 10 пати повисок од Македонија. Од 2000 и 2010 година и стапката на раст на БДП по глава на жител е значително поголема од онаа на Македонија додека во 2015 таа бележи пад и е намалена речиси за онолку за колку е зголемена стапката на раст на БДП по глава на жител во Македонија. Во 2015 година, разликата помеѓу БДП по глава на жител во ЕУ 28 и Македонија изнесува нешто повеќе од 27.000 долари.

График 3:
БДП по глава жител за Македонија и ЕУ за годините 1991, 1995, 2000, 2005, 2010, 2015

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светска Банка

3) Југоисточна Европа и Западен Балкан, вклучувајќи ја и Грција

Конвергенција

Конвергенцијата е феномен кој служи за анализа на долгорочните трендови на економски раст на земјите. На пример, Република Македонија не може да се пофали дека нејзините политички елити ја поставиле земјата на права патека на долгорочен развој после осамостојувањето, имајќи во предвид дека од 1952 до 2010 година е со најнизок БДП по глава на жител (освен од Босна и Херцеговина) споредена со избрани земји како што е тоа илустрирано на следниот график.

График 4:
БДП по глава на жител од 1952-2010 за Македонија и избрани земји

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Maddison Historical GDP Data[4]



Но, теоријата на конвергенција изгледа како да не може да се имплементира за Република Македонија бидејќи БДП по глава на жител за Република Македонија спореден со БДП по глава на жител за избрани развиени земји е со растечки јаз како што е тоа илустрирано на наредниот график.

График 5:
БДП по глава на жител од 1952-2010 година за Македонија и избрани развиени земји

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Maddison Historical GDP Data[5]



Доколку просечната стапка на раст на БДП на Македонија се зголеми од 3,19% на 7% на годишно ниво (што е малку веројатно), на Македонија би и биле потребни 30 години за да го достигне нивото на БДП по глава на жител на ЕУ. Се поставува прашањето колку години и се потребни на БДП на Република Македонија по глава на жител за да конвергира кон БДП по глава на жител за избрана група на земји при различни стапки на економски раст. Резултатот на едноставна симулација е илустриран на следниот график.

4) http://www.worldeconomics.com/Data/MadisonHistoricalGDP/Madison%20Historical%20GDP%20Data.efp
5) http://www.worldeconomics.com/Data/MadisonHistoricalGDP/Madison%20Historical%20GDP%20Data.efp

График 6:
Теорија на конвергенција за БДП по глава жител, симулација



Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светска Банка

Просечната стапка на раст на Македонија за БДП по глава на жител за периодот 2005-2016 година изнесува 3,19% и е повисока речиси 4 пати од просечната стапка на раст на БДП по глава на жител од ЕУ за истиот период. Доколку направиме проекција за следните 30 години за БДП по глава жител за ЕУ согласно просечната стапка на раст од 0,87% за периодот 2005-2016, можеме да забележиме дека во 2046 година БДП по глава на жител би изнесувал околу 41 илјади долари по глава на жител. Додека БДП по глава на жител во Македонија за 2016 година изнесува 5 илјади долари по глава на жител, за ЕУ изнесува 32 илјади долари по глава на жител за истата година.

Индекс на одржлива економска благосостојба

Центарот за Економски Анализи, во 2013 година за прв пат го има пресметано Индексот на одржлива економска благосостојба за Република Македонија, изложено во публикацијата Политички консензус за економската иднина на Република Македонија[6]. Целта на таа студија беше да се обезбеди платформа за политички консензус за решавање на проблемите на граѓаните на РМ во насока дека РМ мора да обезбеди одржлива економска благосостојба на своите граѓани, а политичарите треба да седнат и да се договорат како да го направат тоа.

Индексот на одржлива економска благосостојба – ИОЕБ е еден од понапредните обиди да се создаде показател на економската благосостојба. Тоа е обид да се измери дел од економската активност која обезбедува реални зголемувања на квалитетот на живот, со еден збор 'квалитетна' економска активност. На пример, тој го одзема загадувањето на воздухот предизвикано од економската активност, а овозможува да се изброи неплатениот труд во домаќинството (како што се чистење или чување дете). Тој, исто така, ги опфаќа и областите како нееднаквост на приходите, друга штета по животната средина и трошење на ресурсите од животната средина.[7]

6) http://cea.org.mk/documents/Politicki_konsenzus.pdf
7) Овој параграф е преземен и преведен од: http://www.foe.co.uk/progress/java/ServletStoryISEW.

ИОЕБ е економска мерка која се пресметува од БДП, а за да се направат соодветни корекции на БДП, финансиските трошоци треба да бидат доделени на нефинансиските влијанија како што се, на пример, климатските промени и осиромашувањето на озонската обвивка. **Ние, во ЦЕА, предлагаме ИОЕБ да биде и инструмент со кој фетишизираниот БДП од политичките елити ќе добие и димензија на мерење на благосостојба која е поблиска до потребите на граѓаните.**[8]

Еден драстичен пример за потребата од овој пристап е кога во името на повисок раст на БДП се овозможи на голем загадувач во град Скопје да ја одложи набавката и инсталирањето на индустриски филтри во име на амортизирање на ефектите од глобалната криза, иако за граѓаните на град Скопје тоа значи поголемо загадување. Слични примери има и во други земји. Castaneda (1999)[9], на пример, наоѓа дека БДП на Чиле се двојно се зголемил во последните 12 години, но нееднаквоста на доход останала иста како во 1960-тите. Економскиот раст на Чиле претежно се базира на извоз на природни ресурси што е 80% од нивниот вкупен извоз. Но, БДП како мерка не може да ја измери загубата во природен капитал и непазарни услуги. Castaneda (1999) измерила дека ИОЕБ и БДП на Чиле до 1980-тите биле еквидистантни, но потоа ИОЕБ опаѓа и покажала дека има силна негативна корелација помеѓу растот на БДП и искористувањето на природните ресурси.

На графиконот 1 е прикажано движењето на БДП и ИОЕБ по константни цени. Како што може да се види од графиконот, вредноста на ИОЕБ е пониска и со поголема волатилност од вредноста на БДП, со оглед дека ИОЕБ опфаќа поширок спектар на елементи, кои освен економските вклучува социјални и еколошки прашања во една аналитичка рамка.

Ако се анализира динамиката на ИОЕБ по години и се спореди со БДП може да се заклучи следново:

- Безбедносната криза во 2001 година има предизвикано подлабок пад на вредноста на ИОЕБ од вредноста на БДП, а последиците се почувствувани и наредната (2002) година според движењето на ИОЕБ, за разлика од движењето на БДП коешто упатува на раст на економијата.
- Во 2007 и 2008 година нагорниот тренд на БДП не е придружен со нагорно движење на вредноста на ИОЕБ, укажувајќи дека растот на економската активност во овој период не бил придружен и со зголемување на благосостојбата на земјата.
- Падот на економската активност во 2009 година, како резултат на глобалната рецесија, не бил придружен со пад на вредноста на ИОЕБ, сугерирајќи дека социјалните аспекти на економскиот развој во Македонија не биле влошени (за илустрација, стапката на невработеност во 2009 година е намалена на 32,2% од 33,8% во 2008 година, високиот раст на платите бил задржан итн.).
- Во 2015 година вредноста на ИОЕБ бележи пад, наспроти растот на БДП, а во 2016 година зголемувањето на ИОЕБ е побавно од зголемувањето на БДП, во услови на политичка криза во земјата, која го попречуваше економскиот развој.

8) http://cea.org.mk/documents/Politicki_konsenzus.pdf
9) Ibid.

Графикон 1:
ISEW наспроти БДП



Графикон 2:
ISEW наспроти БДП по жител



Она што можеме да го заклучиме е дека постои едно ниво на БДП по кое ИОЕБ опаѓа т.е. секое наредно зголемување на БДП, всушност, креира повеќе економски трошоци кои водат кон пониска благосостојба за државата (досега емпириски докажано за средно развиени и за развиени држави).

Ова е важно за политичките партии кои претендираат да ја водат економијата на РМ бидејќи во случај кога двете криви, БДП и ИОЕБ, се во раст, секое маргинално зголемување на БДП води кон одржлива благосостојба. Проблем е кога ќе се постигне нивото на БДП по кое БДП расте, а ИЕОБ опаѓа, бидејќи тогаш благосостојбата на граѓаните не може да се реши само со економски раст, туку со решавање проблеми во нееднаквоста, сиромаштијата и заштитата на животната околина во најмала рака. Емпириски доказ за Р. Македонија е БДП растот во 2003, 2005 и после 2014 година, но ИОЕБ за тие години опаѓа. Според тоа, фокусирањето на сите сили на политичките елити кон обезбедување раст на БДП по секоја цена треба да се коригира земајќи ги предвид и другите аспекти/димензии на економскиот живот и благосостојба, кои добиваат значаен пондер при дефинирањето долгорочни цели/консензус. Сето ова укажува дека во РМ, развиеноста на економијата е сведено на ниво на мерење на БДП каде што се губи смислата за реален приказ на развиеноста на една економија бидејќи честопати БДП се смета како цел но во суштина БДП претставува само мониторинг индикатор.

Индекс на човеков развој

Доколку ги разгледуваме димензиите кои го сочинуваат Индексот за човеков развој ИЧР, согласно индексот на траење на животот, Македонија се наоѓа околу просекот на земјите во регионот и под просекот од ЕУ земјите. Во однос на очекуваните години на образование, Македонија има најмал број на години како во регионот така и од ЕУ земјите. Во однос на средните години на образование, Македонија и Босна и Херцеговина се наоѓаат на последното место во регионот како и под просекот од ЕУ земјите. Земјите во развој имаат релативно понизок БНП по глава на жител од развиените земји. Албанија, Босна и Херцеговина и Македонија имаат најнизок БНП по глава на жител во регионот, понизок речиси три пати од просекот на ЕУ земјите. ИЧР интегрира три основни димензии на човековиот развој. Очекуваното траење на животот ја одразува можноста да се води долг и здрав живот. Годините поминати во образование се важни за стекнување на човечки капитал и знаење. Бруто националниот доход по глава на жител ја одразува способноста да се постигне пристоен животен стандард. За да се измери човечкиот развој сеопфатно, Извештајот за човековиот развој, исто така, вклучува четири други композитни индекси. Индексот на човековиот развој прилагоден на нееднаквоста, го опфаќа ИЧР според степенот на нееднаквост. Понатаму, Индексот на родовиот развој ги споредува родовите вредности на ИЧР. Индексот на мултидимензионална сиромаштија ги мери димензиите на сиромаштијата повеќе од само личните примања.[10] Земјите во ЕУ освен Бугарија се категоризираат како земји кои имаат многу висок Индекс на човеков развој. На следната табела се прикажани димензиите кои го сочинуваат ИЧР како и неговата вредност во земјите во ЕУ и Македонија.

***Табела: 1** Индекс на човеков развој и неговите компоненти за Македонија и ЕУ 28 за 2015 година*

		Индекс на човеков развој (ИЧР)	Очекувано траење на животот	Очекувани години на образование	Средни години на образование	Бруто национален производ (БНП) по глава жител
Ранг	Земја	Вредност	(години)	(години)	(години)	(2011 PPP $)
		2015	2015	2015	2015	2015
4	Германија	0,926	81,1	17,1	13,2	45.000
5	Данска	0,925	80,4	19,2	12,7	44.519
7	Холандија	0,924	81,7	18,1	11,9	46.326
8	Ирска	0,923	81,1	18,6	12,3	43.798
14	Шведска	0,913	82,3	16,1	12,3	46.251
16	Велика Британија	0,909	80,8	16,3	13,3	37.931
20	Луксембург	0,898	81,9	13,9	12,0	62.471
21	Франција	0,897	82,4	16,3	11,6	38.085
22	Белгија	0,896	81,0	16,6	11,4	41.243
23	Финска	0,895	81,0	17,0	11,2	38.868
24	Австрија	0,893	81,6	15,9	11,3	43.609

10) http://hdr.undp.org/sites/default/files/2016_human_development_report.pdf

25	Словенија	0,890	80,6	17,3	12,1	28.664
26	Италија	0,887	83,3	16,3	10,9	33.573
27	Шпанија	0,884	82,8	17,7	9,8	32.779
28	Република Чешка	0,878	78,8	16,8	12,3	28.144
29	Грција	0,866	81,1	17,2	10,5	24.808
30	Естонија	0,865	77,0	16,5	12,5	26.362
33	Кипар	0,856	80,3	14,3	11,7	29.459
33	Малта	0,856	80,7	14,6	11,3	29.500
36	Полска	0,855	77,6	16,4	11,9	24.117
37	Литванија	0,848	73,5	16,5	12,7	26.006
40	Словачка	0,845	76,4	15,0	12,2	26.764
41	Португалија	0,843	81,2	16,6	8,9	26.104
43	Унгарија	0,836	75,3	15,6	12,0	23.394
44	Латвија	0,830	74,3	16,0	11,7	22.589
45	Хрватска	0,827	77,5	15,3	11,2	20.291
50	Романија	0,802	74,8	14,7	10,8	19.428
56	Бугарија	0,794	74,3	15,0	10,8	16.261
82	Македонија	0,748	75,5	12,9	9,4	12.405
	Просек од ЕУ земји	**0,874**	**79,5**	**16,3**	**11,7**	**33.084**

Извор: http://hdr.undp.org/en/composite/HDI

Иако Македонија се категоризира во земјите кои имаат висок ИЧР, сепак таа заостанува во однос на земјите од регионот поточно од Југоисточна Европа и Западен Балкан. Македонија се наоѓа на 82 место од вкупно 188 земји од светот.

Табела 2: *Индекс на човеков развој и неговите компоненти за Македонија и земјите од Југоисточна Европа и Западен Балкан за 2015 година*

		Индекс на човеков развој (ИЧР)	Очекувано траење на животот	Очекувани години на образование	Средни години на образование	Бруто национален производ (БНП) по глава жител
Ранг	Земја	Вредност	(години)	(години)	(години)	(2011 PPP $)
		2015	2015	2015	2015	2015
45	Хрватска	0,827	77,5	15,3	11,2	20.291
48	Црна Гора	0,807	76,4	15,1	11,3	15.410
50	Романија	0,802	74,8	14,7	10,8	19.428
56	Бугарија	0,794	74,3	15,0	10,8	16.261
66	Србија	0,776	75,0	14,4	10,8	12.202
75	Албанија	0,764	78,0	14,2	9,6	10.252
81	Б&Х	0,750	76,6	14,2	9,0	10.091
82	Македонија	0,748	75,5	12,9	9,4	12.405

Извор: http://hdr.undp.org/en/composite/HDI

Џини коефициент

Џини коефициентот претставува мерка на статистичка распределба за мерење на нееднаквоста при распределба на доходот. При тоа, вредноста на коефициентот е дефинирана во распон од 0 до 1, односно, доколку вредноста на коефициентот изнесува 0, тоа покажува совршена еднаквост (секој има ист доход). Од друга страна, доколку вредноста на коефициентот е 1 (100%), тоа изразува максимална нееднаквост (односно една индивидуа го прибира целиот доход или потрошувачка додека сите останати имаат доход од 0 парични единици).

Согласно податоците од ДЗС, во периодот од 2010 до 2015 година, Џини индексот[11] бележи намалување во континуитет односно, во разгледуваниот период истиот е намален за 7 индексни поени (График 8). Тоа значи дека нееднаквоста при распределба на доходот во РМ се намалува. Со цел да се постигне побрз економски развој во државата и со цел намалување на стапката на невработеност во текот на 2006 година, Владата на Република Македонија го постави влезот на странските директни инвестиции како врвен приоритет. Оттука, странските директни инвестиции до денес бележат постојан раст привлечени за жал само од ценовните поволности кои ги нуди Владата на Република Македонија (ефтина работна сила, ослободување од даноци и царини, комунални такси, симболична цена за закуп на земјиште, директна државна помош до 500.000 евра итн.)[12] Според податоците од ДЗС, стапката на невработеност се намалува,[13] но се зголемува процентот на најсиромашната група од населението во Македонија кои располагаат со 5-10% од вкупниот доход т.е. нееднаквоста се зголемува.

График 8:
Џини коефициент за Македонија за периодот 2010-2015 година



Извор: Пресметка на авторот со податоци од Државен завод за статистика на РМ

И покрај намалувањето на индексот на Македонија, сепак јазот меѓу богатите и сиромашните во Македонија (заедно со Србија) за 2013 година е најголем во споредба со земјите од регионот. Македонија се наоѓа во зоната со високи доходни нерамномерности и високи класни разлики. Џини индексот за Македонија во 2013 година споредбено со најнискиот индекс од регионот е повисок за 10 индексни поени, што значи

11) Џини индекс е процентуална репрезентација на Џини коефициентот
12) www.dtirz.com
13) ttp://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__OdrzlivRazvoj/125_OdrzRaz_Mk_01SocEkon_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=a298862f-a777-4e0c-979b-e99ea06e2473

дека потребни се поефикасни политики на долг рок кои ќе доведат до намалување на нееднаквоста при распределба на доходот во Македонија.

График 9:
Џини коефициент за Македонија и регионот (Југоисточна Европа и Западен Балкан, вклучувајќи ја и Грција)[14]

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светска банка и Државните заводи за статистика за одредени земји, 2013



Ако бараме кои се главните двигатели на нееднаквоста, а имајќи во предвид дека претходната влада силно го подржуваше градежниот сектор, нееднаквоста во распределбата на доходот помеѓу факторите на производство во градежниот сектор се едни од најголемите и илустрирани на следниот график.

График 10:
Распределба на доход во градежништво

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Државен завод за статистика, период 2000-2012



Јасно се гледа дека јазот помеѓу профитот на сопствениците на градежните фирми и платите на работниците расте. Дополнително, разликата помеѓу расположливите средства на првиот и десеттиот децил во Македонија изнесувал 11 пати во 2008 година, а јазот помеѓу 20% најсиромашни и 20% најбогати илустриран на следните графици е основа за идни конфликти во општеството доколку не се превземат мерки за решавање на овие дисторзии, а кои се надвор од дометот на само мерењето на БДП.

14) Податоците за Џини индексот за 2013 година се преземени од:
data.worldbank.org - Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора и Романија;
nsi.bg – Бугарија; statistics.gr – Грција; stat.gov.mk – Македонија; stat.gov.rs. – Србија

График 11:
Дистрибуција на расположливи средства во Македонија

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Државен завод за статистика, период 2003-2012

График 12:
Дистрибуција на приходи од редовен работен однос

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Државен завод за статистика, период 2003-2012

График 13:
Дистрибуција на приходи од имот во Македонија

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Државен завод за статистика, период 2003-2012

Индекс на очекувано траење на животот

Очекуваното траење на животот е статистичка мерка за просечното време на еден човек кој се очекува да живее врз основа на годината на раѓање, моменталната возраст и други демографски фактори вклучувајќи го и полот. Просечното траење на живот во Македонија може да биде индикатор на ефективноста на системот по кој може да се мери и користа од алоцираните ресурси за здравствениот систем. Овој индикатор може да укаже и на ефикасноста во Македонскиот здравствен систем. Додека просечното траење на животот за 2015 во ЕУ 28 е 81,1 тој во Македонија е 75,5 години.[15]

15) http://data.worldbank.org/indicator/SP.DYN.LE00.IN?locations=EU-MK

Од економски аспект, здравството е пазар на услуги во една специфична сфера каде за Македонија од страна на побарувачката постои високо ниво на сиромаштија и невработеност и нереформиран пазар на услуги каде приватните и јавните оператори се во нееднаква пазарна улога. Јавниот сектор е под целосна контрола и под субвенционирање со ниска отчетност, а приватниот сектор е без соодветна регулација. Здравството е сложена материја која од економски аспект е подложна на асиметрични информации, проблеми на регулација, недостаток на конкуренција, политичка економија, лоби групи. Немањето на точни финансиски податоци кои би се поврзале со здравствената статистика го руши кредибилитетот на било каков обид за кост-бенефит анализа и изработка на стратегија во овој сектор. Без вакви податоци таа стратегија ги нема основните фундаменти за план за акција.

Пример за важноста на податоците е и квалитетот на медицинската документација во однос на идентификацијата на причината за смртта, кој е слаб, што се гледа од високиот удел на „симптоми, знаци и наоди некласифицирани на друго место" кој го зазема третото место во структурата на смртните случаи според причините во Република Македонија. Во 2015 година, 6,5% или 1.335 од вкупните смртни случаи[16] се настанати поради симптоми, знаци и наоди некласифицирани на друго место или со други зборови недефинирани состојби. За да дадеме подетална слика за ситуацијата во Македонија и нејзиниот здравствен систем, ги анализираме вкупните расходи за здравство и стапката на смртност на доенчиња.

Да видиме што се случило во последните десетина години во Република Македонија. Во 2004 година, за здравство во Македонија се потрошени околу 8% од БДП од кои 2-3 процентни поени е приватно финансирање. Употребените средства на граѓаните на Македонија за здравство (приватно здравство), просечно по семејство изнесуваа скоро 200 евра годишно. Во структурата на сите употребени средства на Македонците тоа е околу 3% од вкупно употребените средства. Во апсолутни вредности, јавното здравство годишно чини околу 300 милиони евра, а приватното финансирање за здравство годишно чини дополнително уште околу 90 милиони евра. Додека просечното траење на животот, во 2004 година во ЕУ 15 е 78, тој во Македонија е 74 иако сме потрошиле за здравство во просек повеќе како процент од БДП од овие земји. Ова укажува на неефикасно менаџирање на средствата во здравството. За 2014 година ситуацијата е илустрирана на следната табела.

Расходи за здравство како процент од БДП за 2014 година

	Вкупно	Јавна потрошувачка	Приватна потрошувачка
Македонија	6,5	4,1	2,4
ЕУ 28 - просек	8,6	6,4	2,3

Истражувања на ЦЕА покажуваат дека доколку се редуцираат расходите за здравство на граѓаните на Република Македонија со поквалитетно јавно здравство, тогаш ефектот за излегување на домаќинства надвор од зоната на ризик од сиромаштија може да биде и до скоро 4% од вкупниот број на граѓани под ризик од сиромаштија во Република Македонија. Во 2014 година, ситуацијата е значително променета, па така за здравство во Македонија се потрошени 6,5% од БДП, од кои 2-3 процентни поени е приватно финансирање. Просекот за ЕУ 28 изнесува 8% од БДП. Она што можеме да

16) http://iph.mk/wp-content/uploads/2017/06/Mortalitet-2015.pdf

забележиме е дека, намалувањето на вкупните расходи за здравство како процент од БДП во Македонија, се должи на процентуалното намалувањето на јавното финансирање во однос на вкупното. Ова намалување може да биде и последица на порастот на БДП. Согласно податоците од Светска Банка, во 2014 година, во Македонија, расходите за здравство по глава на жител се зголемени од околу 200 евра по глава на жител во 2004 година на околу 290 евра по глава на жител, додека во ЕУ 28, истите се зголемени од околу 2.070 евра на 3.000 евра по глава на жител.

Просечното траење на живот, во 2014 година е зголемено во однос на 2004 година и во ЕУ 28 тој е 81,1 години додека во Македонија е 75,5 години. Па така, додека вкупните расходи за здравство како процент од БДП се намалуваат поради намаленото процентуално учество на јавното финансирање во вкупното (кое можеби се должи на порастот на БДП), расходите за здравство по глава на жител се зголемуваат.

Стапка на смртност кај доенчиња

Од График 14 можеме да видиме дека во 80-те години од минатиот век смртноста била висока и изнесувала преку 45 на 1000 новородени. Иако од ЕУ земјите, Македонија имала најголем напредок, сепак во 2004 година смртноста е повисока од 10 на 1000 новородени и е повисока отколку во ЕУ земји од (График 14). Во 1990 година, смртноста била 33 што значи дека од 1990 со почетокот на транзицијата успорено е намалувањето на смртноста. Со милениумските развојни цели поставени во 2000 година, во однос на смртноста на доенчиња, таргетот за Македонија бил под 11 до 2015 година. Овој индикатор бележи позитивен тренд, односно постигнат е таргетот од под 11 до 2015 година. Поточно, стапката на смртност на доенчиња, е намалена од 12,4 во 2004 на 11 во 2007 и на 4,8 на 1.000 новородени деца во 2015 година.

Сепак, и покрај постигнатите резултати, и трендот на намалување, доколку направиме споредба со просекот на ЕУ каде стапката на смртност на доенчиња во 2015 година изнесувала 3,7 на 1000 новородени деца, се согледува дека стапката на смртност на доенчиња во Македонија е повисока.

График 14:
Стапка на смртност на доенчиња за периодот 1981-2015 година



Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светска Банка[17]

17) Главните извори на податоци за стапката на смртност на доенчиња од Светска Банка се виталните системи за регистрирање и директни или индиректни проценки врз основа на истражувања на примерок или попис. Комплетниот витален систем за регистрација – кој опфаќа најмалку 90% од виталните настани во популацијата. Проценките за смртност кај новороденчиња, доенчиња и деца под пет години имаат тенденција да се разликуваат по извор и метод за дадено време и место.

Иако јасно се гледа од графиконот дека има конвергенција сепак, на Македонија и се потребни 5 години со стапка на намалување од 0,089 (просечна стапка на намалување за периодот 1990-2015 година изнесува 0,073) за да го достигне нивото на просечната стапка на смртност на доенчиња од 3,0 на 1000 новородени деца во ЕУ.

Од друга страна, доколку ги користиме податоците за стапката на смртност на доенчиња за Македонија од Државниот Завод за Статистика (ДЗС), можеме да забележиме дека податоците не се идентични.[18] Иако дефиницијата е идентична со онаа од Светска Банка, сепак постојат релативно високи разлики.[19]

На следниот график е прикажана стапката на смртност кај доенчиња за Македонија за периодот 2005-2016 година од различни извори на податоци. Плавата линија ги покажува податоците од Државниот Завод за Статистика на РМ додека пак црвената линија ги покажува податоците од Светска Банка. Разликите кои се јавуваат помеѓу овие два извори се значајни. Имено, во 2006 и 2011 година податоците се речиси идентични додека пак од 2012 година наваму, се јавуваат енормни разлики за стапката на смртност на доенчиња во Македонија. Во 2016 година, стапката на смртност на доенчиња согласно податокот од ДЗС изнесува 11,9 на 1.000 живородени деца додека според податокот од Светска Банка, истиот изнесува 4,4 на 1.000 живородени деца.

График 16:
Стапка на смртност кај доенчиња на 1000 живородени деца за Македонија од различни извори

Извор: Државен Завод за Статистика и Светска Банка

Понатаму, нарушената здравствената состојба на населението во Македонија што предизвикува прерана смрт исто така го објаснува краткото траење на животот на оваа нација. Нарушената здравствена состојба може тесно да се поврзе со фактот дека балканските земји од кои Грција (38% од населението) и Македонија (37% од населението) се наоѓаат на врвот на светската ранг листа по најголем број на пушачи.[20] Во Македонија, речиси 21% од сите смртни случаи на возраст меѓу 35 и 69 години се поради пушење односно според епидемиолошката анализа на Светската здравствена организација и Соединетите Американски Држави (САД) - Центарот за контрола на болестите покажала дека пушењето е причина за преку 10.000 смртни случаи годишно во Македонија.

18) ДЗС како главни извори на податоци ги користи морталитетните статистики (витални) преку матичните книги и извештаите од Здравствените организации.
19) ДЗС дефиниција: "Умрени доенчиња се сметаат децата коишто умреле пред да ја навршат првата година од животот." Светска Банка дефиниција: "Стапката на смртност на доенчиња е бројот на доенчиња што умираат пред да наполнат една година, на 1.000 живородени во дадена година."
20) http://vizhub.healthdata.org/tobacco/

Балканските земји се наоѓаат во портокалово-црвената зона во која 30% - 40% од населението се пушачи, па поради тоа пушењето може да е значителен фактор за пократко очекувано траење на животот споредбено со останатите земји од Европа.

Во насока на нарушената здравствена состојба неизбежно е да се напомене дека загадувањето на воздухот во Македонија е едно од најголемите во Европа, оценува Светска Банка. Македонија е на првото место на листата за изложеност на граѓаните на загаденост на воздухот со цврсти честички кои се одговорни за повеќе од 1.350 смртни случаи годишно, но и илјадници изгубени работни денови поради болести поврзани со загадувањето.

График 17:
Очекувано траење на животот според полот за 2015 година



Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светска банка за 2015 година

Согласно податоците од Светска банка за 2015 година, Македонија и Србија се вбројуваат во петте земји од регионот кои имаат најкратко очекувано траење на животот. Очекуваното траење на животот според полот во Македонија споредбено со регионот е прикажано на График 17. Она што може да се забележи е дека, според очекуваното траење на животот на жените, Македонија се наоѓа на претпоследно место, пред Косово, со просечен животен век од 77,9 години. Од друга страна, очекуваното траење на животот на мажите во Македонија е околу просекот во регионот и просечниот животен век е 73,2 години. Животниот век на жените е поголем за 5,4 години во просек во однос на животниот век на мажите во земјите во регионот. Грција, Албанија и Хрватска имаат најдолго очекувано траење на животот. Иако Грција се наоѓа на врвот на светската ранг листа по најголем број на пушачи, таа има најдолго очекувано траење на животот главно поради добрите климатски услови и можеби ефикасниот здравствен систем.

Индекс на задоволство од животот

Граѓаните во Македонија, Романија и Црна Гора се позадоволни од граѓаните на останатите земји во регионот од економската состојба во која се наоѓаат, социјалните односи со семејството, пријателите и соседите, интеграцијата во пошироко општество и кариера како и физичка здравствена состојба во која се наоѓаат според Индексот

на задоволство од животот. Индексот на задоволство од животот претставува евалуација на задоволството од животот или колку граѓаните се задоволни од животот како целина во една земја. Согласно концептуалната шема за пресметка на индексот на задоволство од животот на Европската фондација за подобрување на животните и работните улови, задоволството од живот претставува позитивна или негативна оцена на животот во целина кој мери колку луѓето се задоволни од економската состојба во која се наоѓаат, социјалните односи со семејството, пријателите и соседите, интеграцијата во пошироко општество и кариера како и физичка здравствена состојба во која се наоѓаат (механизмот на овој индекс е илустриран на наредната слика).[21]



Генералната оцена за Македонија според овој индекс е 6,7 и се вбројува во првите 3 земји со највисока оцена, што значи дека Македонија се наоѓа на добра позиција споредбено со регионот во однос на овој индекс.

График 18:
Индекс на задоволство од животот, 2012/13

Извор: Пресметка на авторот од податоци од Европска комисија за Бугарија, Хрватска, Грција и Србија и Европска фондација за подобрување на животните и работните улови за Косово, Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Романија

21) http://edz.bib.uni-mannheim.de/daten/edz-ma/esl/03/ef03108en.pdf

Задоволството од животниот стандард е субјективна мерка на ситуацијата на луѓето, исто така утврдена, меѓу другите фактори, од специфичен контекст и споредбата помеѓу луѓето (Eurofound, 2012b). Во 2007 година, просечно задоволство во Македонија било пониско од било кое друго од земјите во ЕУ 27, но во 2012 година резултатот во Македонија пораснал повеќе од сите анкетирани земји до 5,8. Сепак, задоволството од животниот стандард, иако во пораст, сепак, во рамките на регионот, заедно со нивото на Хрватска, е низок во однос на просекот на ЕУ (6,9).[22]

График 19:
Задоволство од животниот стандард за Македонија и избрани земји



Извор:
https://www.eurofound.europa.eu/sites/default/files/ef_publication/field_ef_document/ef1439en_1.pdf

Индекс на среќа

Според Светскиот индекс на среќа за 2016 година, Македонија (5,175) се наоѓа на 92то место од вкупно 155 рангирани земји и на 8мо место од 10 земји во регионот. Иако, Македонија се наоѓа речиси на средина меѓу индексот на најсреќната земја (Норвешка - 7,537) и индексот на најмалку среќната земја (Централна Африканска Република - 2,693) во светот, сепак таа е рангирана помеѓу понесреќните земји од регионот заедно со Црна Гора (5,237) и Грција (5,227). Меѓу најсреќните земји во регионот се издвојуваат Романија (5,825) и Србија (5,395). Она што може да забележиме е дека ниту една земја во регионот не се вбројува во првите 50 рангирани земји кои имаат индекс поголем од 6.

Основни показатели кои го мерат квалитетот на човековиот развој се среќата и субјективната благосостојба на граѓаните во една држава. Поради зголемениот интерес, многу влади, заедници и организации ги користат податоците добиени за детерминантите од индексот на среќа како и наодите од истражувањето за субјективната благосостојба во креирањето на политики кои поддржуваат посреќниот живот.

Последниот извештај ја нагласува важноста на општествените основи на среќата. Ова може да се види со споредување на животните искуства меѓу првите и последните десет земји во рангирањето оваа година. Просечното ниво на среќа се разликува од земја до земја. Разликата од 4 поени во просек добиена од проценката на живот на граѓаните на скала која се движи од 0 до 10, ги разделува 10 најсреќни земји од 10 најмалку среќни земји. ¾ од разликите кои се јавуваат меѓу земјите и регионите се

22) https://www.eurofound.europa.eu/sites/default/files/ef_publication/field_ef_document/ef1439en_1.pdf

објаснуваат со разликите меѓу шест (6) клучни варијабли кои даваат оцена на различен аспект од животот.

Тие фактори се:

- БДП по глава на жител,
- Здрави години на очекуваното траење на животот,
- Социјална поддршка (мерена преку имање некој на кој можеш да се потпреш во невоља),
- Доверба (мерена преку лична перцепција во отсуство на корупција во Владата и бизнис секторот),
- Перцепција за слободата во донесување на одлуки и
- Дарежливоста (мерена преку донациите).

Сепак, 80% од вредноста на индексот на среќа помеѓу различните земји во светот се јавува како резултат на внатрешните разлики на една земја. Во побогатите земји, разликите во внатрешноста не се објаснети претежно со нееднаквоста во приходот, туку со разликите во менталното здравје, физичкото здравје и личните односи: најголемиот единствен извор на мизерија е менталната болест. Од друга страна, разликите во приходите се многу важни во посиромашните земји, но дури и нивната ментална болест е главен извор на мизерија.

Работата е исто така главен фактор што влијае врз среќата. Невработеноста предизвикува голем пад на среќата, па дури и за оние што работат, квалитетот на работа може да предизвика релативно големи разлики во среќата.[23] Светскиот индекс на среќа за 2016 година е изнесен во Светскиот извештај на среќа за 2017 година при што рангира 155 земји во распон од 0 до 10 каде што 0 го претставува најлошиот можен живот додека 10 го претставува најдобриот можен живот. Индексот се пресметува врз основа на перцепција на луѓето да го оценат квалитетот на нивниот живот на скала од 0 до 10 за секоја земја во просек за периодот од 2014-2016 година.

График 20:
Светски индекс на среќа за 2016 година

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Светскиот извештај за среќата[24]

23) http://worldhappiness.report/ed/2017/
24) http://worldhappiness.report/wp-content/uploads/sites/2/2017/03/HR17.pdf

Платено породилно отсуство

Согласно меѓународните стандарди, времетраењето на породилното отсуство треба да е најмалку 14 недели и вработените треба да се платени најмалку 67% од платата која ја примаат.[25] Во Македонија, породилното отсуство трае 39 недели, и се исплаќа 100% од основицата но не повеќе од 4 просечни плати пресметани согласно претходната година. Македонија се наоѓа на седмото место од вкупно десет земји во регионот по најдолго времетраење на породилно отсуство. Младите мајки во Македонија имаат подолго платено породилно отсуство од оние од Романија, Грција и Хрватска. Бугарија е единствената земја во регионот која овозможува 58 недели платено породилно отсуство и со тоа се класифицира како земја со најповолни услови за породилно отсуство во регионот.

Конвенцијата за заштита на мајчинство[26] ревидирана од 1952 година, Меѓународната организација на труд (МОТ) ги обврзува поголемиот дел од земјите од целиот свет да се придржуваат до Одредбите од Конвенцијата бр. 183 за времетраењето на породилно отсуство. Имено, 53% од 185 земји и територии обезбедуваат породилно отсуство од најмалку 14 недели, согласно стандардот воспоставен со Конвенција број 183. Покрај нив, 42 земји ги исполнуваат или надминуваат 18-те недели породилно отсуство предложено во Препораката бр. 191. Од друга страна, 60 земји обезбедуваат 12 до 13 недели отсуство - помалку од времетраењето утврдени со Конвенцијата бр. 183, но во согласност со бројот на недели утврдени со Конвенциите бр. 3 и 103 каде се наведува минимум 12 недели породилно отсуство.

Конвенција бр. 183, Член 4(1)
Согласно Конвенцијата 183 која се однесува на жената, жените имаат право на породилно отсуство не помалку од 14 недели.

Препорака бр.191, Параграф 1(1)
Согласно Препораката бр. 191, членовите треба да настојуваат да го продолжат времетраењето на породилното отсуство од Член 4 од Конвенцијата на најмалку 18 недели.

Времетраењето на породилното отсуство како и паричните надоместоци, социјалната и здравствена заштита варира од земја во земја согласно законската регулатива на земјите.

Право на надомест за породилно отсуство во Македонија имаат сите вработени без разлика дали се на неопределено или определено време и без разлика дали тој договор ќе истече додека трае породилното отсуство, како и право на надомест може да имаат и лицата кои претходно 6 месеци без прекин биле осигурени во фирмата.

25) http://mdm.wageindicator.org/chart/maternity/100
26) http://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:C183

График 21.
Платено породилно отсуство во Македонија и земјите во регионот [27]

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Меѓународна организација на трудот и Мапа на мајки кои работат [28]

Вкупно 178 земји во светот овозможуваат платено породилно отсуство додека пак 50 земји во светот обезбедуваат социјални бенефиции за татковците согласно МОТ. Земјата која овозможува најдолго платено породилно отсуство изнесува 60 недели (Шведска), додека пак земјите кои имаат најниско платено породилно отсуство или неплатено изнесува околу 12 недели (САД, Либерија, Лесото се едни од земјите кои немаат финансиска поддршка односно немаат платено породилно отсуство).

Она што можеме да забележиме од График 21 е дека сите земји во регионот ги почитуваат меѓународните стандарди за времетраењето на породилното отсуство од минимум 14 недели. Имено, Бугарија исплаќа 90% од просечната дневница или осигурените приходи на мајките кои се на породилно отсуство. Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина како и Косово имаат 52 недели или 12 месеци породилно отсуство со тоа што, во Србија, првите 6 месеци се исплаќаат 100 од платата, следните 3 месеци се исплаќаат 60% додека последните 3 месеци се исплаќаат 30% од платата. Во Косово ситуацијата е слична, со тоа што првите 6 месеци се исплаќа 70% од платата, следните 3 месеци се исплаќаат 50% додека последните 3 месеци нема надомест. Во Албанија, се исплаќаат 80% од просечна дневна нето основа од претходните 12 месеци почнувајќи од датумот кога започнало правото на плаќање пред раѓањето и 150 календарски дена по раѓањето и 50% од просечната дневна нето основа за останатиот период од породилни отсуство.

Во Црна Гора, Македонија, Грција и Хрватска, породилното отсуство е платено во целосен износ од просечните месечни примања или дневни примања со тоа што во Црна Гора времетраењето е најдолго во однос на овие 4 земји и изнесува 52 недели или 12 месеци, додека пак Хрватска има најкратко платено породилно отсуство од 14 недели споредбено со регионот. Во светот најдолго породилно отсуство имаат жените од Источна Европа и Централна Азија со просек во времетраење од 27 недели, што значи

27) Југоисточна Европа и Западен Балкан, вклучувајќи ја и Грција
28) Податокот за породилно отсуство за Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Србија е добиен од Меѓународната организација на трудот; Податокот за Бугарија, Хрватска, Грција и Романија е добиен од Мапа на мајки кои работат; Податокот за Косово и Црна Гора е добиен од Законите за работни односи

дека земјите од Југоисточна Европа без Романија, Грција и Хрватска го надминуваат овој просек.

Право на таткото за породилно отсуство

Во Македонија, согласно Законот за работни односи, Член 167 - Користење на отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете, правото на отсуство од работа за родителство го користи таткото или посвоителот на детето во случај доколку отсуството од работа за родителство од членот 165 од Законот - Отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, не го користи работничката.

Половина од земјите во регионот согласно националните закони за работни односи, овозможуваат право таткото да користи платено породилно отсуство по раѓањето на детето. Платеното породилно отсуство на таткото варира од земја до земја, па така, најдолго времетраење на породилно отсуство на таткото има во Бугарија (15 дена, 90% од просечната дневница или осигурените приходи). Времетраењето на породилното отсуство на таткото во Албанија е 3 дена, во Косово 2 дена и 2 недели неплатено породилно отсуство, во Босна и Херцеговина тоа изнесува 7 работни дена, додека пак во Романија е 5 работни дена. Породилно отсуство на татковците во 90% од земјите во светот кои го овозможуваат тоа право, во просек е платено 80-100% од приходите. Во Хрватска, во Законот за работни односи нема законска одредба за породилно отсуство на таткото. Во текот на календарската година, работникот има право на целосно платено отсуство (најмногу до седум дена годишно, освен ако не е поинаку назначено) за важни лични потреби, особено во врска со бракот, раѓање на дете, сериозна болест или смрт во непосредното семејство.[29] Сличен е случајот и во Србија, каде работникот (таткото) има право на 7 дена платено отсуство за фамилијарни настани кои го вклучуваат и раѓањето на детето.

Индекс на квалитет на животот

Согласно последните податоци од Нумбео (платформа која мери низа на показатели преку кои се мери квалитетот на живот) каде индексот на квалитет на животот се мери периодично, во август 2017 година, Македонија се карактеризира со индекс од 104,17 и се вбројува во земјите со умерена вредност на индексот на квалитет на живот. Согласно Извештајот за Македонија од Светска Банка, загадувањето на воздухот во Македонија е едно од најголемите во Европа.[30] Тоа ја објаснува многу високата вредност на Индексот на загадување каде што најмногу го оптеретува Индексот на квалитет на животот и значително ја намалува неговата вредност. Разликата меѓу Македонија која се карактеризира со многу висок индекс на загадување (82,22) и Хрватска која се карактеризира со низок индекс на загадување (31,85) изнесува 50,37 индексни поени.

29) Sources:§86 of Labour Code 2014 (Official Gazette No. 93/2014)
30) http://documents.worldbank.org/curated/en/949621468090285546/pdf/ACS81790ESW0wh0h0Country0Assessment.pdf

Квалитетот на животот претставува општа благосостојба на поединците и општествата, наведувајќи ги негативните и позитивните карактеристики на животот. Имено, го набљудува задоволството од животот, вклучувајќи физичкото здравје, семејството, образованието, вработувањето, богатството, верските убедувања, финансиите и животната средина. Има широк спектар на контексти, вклучувајќи ги и полињата на меѓународниот развој, здравството, политиката и вработувањето. Квалитетот на животот не треба да се поистоветува со концептот на животен стандард, кој се базира првенствено на приходите.

Индексот на квалитетот на животот (повисоко е подобро) е проценка на севкупниот квалитет на живот со користење на емпириска формула која го зема предвид индексот на куповната моќ (повисоко е подобро), индексот на безбедност (повисоко е подобро), индексот на здравствена заштита (повисоко е подобро), индексот на трошоците за живот (пониско е подобро), сооднос на цената на недвижности и приходи (пониско е подобро), индекс на времетраење на сообраќаен метеж (пониско е подобро), индексот на загадување (пониско е подобро) и климатскиот индекс (повисоко е подобро).[31]

Овој индекс зема вредности од 0 до 200 каде 0 ја претставува најниската вредност на индексот на квалитет на животот додека пак 200 ја претставува највисоката вредност во една земја. Споредбено со земјите од регионот, Албанија и Македонија имаат релативно пониски индекси на квалитет на животот. Разликата на индексот на земјата со највисока вредност од регионот (Хрватска - 153,85) и индексот на Македонија (104,17) изнесува 49,68 индексни поени, додека пак разликата на земјата со највисока вредност во светот (Финска – 180,14) и индексот за квалитет на животот на Македонија (104,17) изнесува 75,97 индексни поени.

График 22:
Индекс на квалитет на животот за август 2017

Извор: Пресметка на авторот со податоци од Нумбео[32]

31) https://www.numbeo.com/quality-of-life/indices_explained.jsp
32) https://www.numbeo.com/quality-of-life/

Слика 1:
Мапа на индексот на квалитет на животот на земјите од Југоисточна Европа и Западен Балкан

Извор: Визуелизација на авторот со податоци од Нумбео

Доколку ги разгледуваме индексите поединечно кои го сочинуваат индексот на квалитет на животот, можеме да го забележиме следното:

1. Во Македонија и во половина од земјите во регионот индексот на куповна моќ има многу ниска вредност што значи дека нивото на цени се зголемува со поголема стапка од паричниот приход или доколку паричните приходи се исти а нивото на цени се зголемува, индексот на куповна моќ се намалува.
2. Во иста насока, соодносот на цената на недвижности и приходи е висок во Албанија, Црна Гора, Македонија и Косово што дополнително укажува на тоа дека и куповната моќ на граѓаните во овие земји е релативно слаба.
3. Индексот за загадување го мери севкупното загадување во една земја, каде најголема тежина се дава на загадувањето на воздухот, отколку на загадувањето/пристапноста на водата, како два главни фактори за загадување. Помало значење се дава и на други типови на загадување.[33]

Табела 3: *Група индекси кои го сочинуваат Индексот на квалитет на животот по земји*

Земја	Индекс на куповна моќ		Соодносна цена на недвижности и приход		Индекс на загадување	
Албанија	30,35	многу ниско	15,06	високо	71,65	високо
Босна и Херцеговина	44,99	многу ниско	11,47	умерено	61,20	високо
Бугарија	46.06	ниско	8,73	умерено	62,80	високо
Хрватска	51,51	ниско	11,04	умерено	31,85	ниско
Косово	50,74	ниско	12,83	високо	64,21	високо
Македонија	36,23	многу ниско	13,68	високо	82,22	многу високо
Црна Гора	41,95	многу ниско	14,19	високо	44,55	умерено
Романија	58,32	ниско	8,60	умерено	51,45	умерено
Србија	35,63	многу ниско	17,92	многу високо	56,31	умерено

Извор: Податоци преземени од Нумбео[34]

33) https://www.numbeo.com/pollution/indices_explained.jsp
34) https://www.numbeo.com/quality-of-life/

4. Доколку една земја има висок индекс на безбедност, таа земја се смета за многу безбедна.[35] Македонија има висок индекс на безбедност, каде нејзината вредност е поголема од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Црна Гора и Србија што укажува на тоа дека се категоризира во земјите во светот кои се многу безбедни.
5. Индексот за здравствена заштита го мери севкупниот квалитет на здравствениот систем, здравствените работници, опремата, персоналот, докторите и трошоците во една земја.[36] Индексот на здравствена заштита во Хрватска и Македонија има највисока вредност од земјите во регионот што укажува на тоа дека постои добар квалитет на здравствениот систем во овие две земји и подобар од останатите земји во регионот.
6. Индексот на трошоците за живот (без наем) е релативен показател на цените на стоките за широка потрошувачка, вклучувајќи ги и намирниците, ресторанте, транспортот и комуналните услуги. Индексот на трошоци на живот не ги вклучува трошоците за сместување, како што се изнајмување или хипотека.[37] Во Македонија и Косово, индексот на трошоци за живот има многу ниска вредност и најниска споредбено со останатите земји од регионот што значи дека трошоците за живеење на граѓаните се ниски, додека пак во Хрватска индексот на трошоци за живот има највисока вредност во однос на земјите од регионот но сепак се категоризира во земји со ниска вредност на индексот на трошоци за живот.
7. Индексот на сообраќајот е составен индекс на времето што се троши во сообраќајот поради работа, мерење на незадоволството од потрошеното време, потрошувачката на CO2 во сообраќајот и целокупната неефикасност во сообраќајниот систем.[38] Иако овој индекс има ниски и многу ниски вредности во земјите во регионот (освен Албанија која има умерена вредност), што значи дека се троши малку или многу малку време поминато во сообраќај, Македонија и Албанија се двете земји од регионот каде граѓаните трошат поголемо време во сообраќај од другите земји.
8. Климатскиот индекс ги мери температурата и влажноста и генерално временските услови во една земја. Тој се движи во опсег [-100, +100] (повисоко е подобро). Земјите со климатски индекс 100, имаат умерени температури и ниска влажност и нема други поизразити променливи временски услови, кои обично не се посакувани од повеќето луѓе.[39] Сите земји во регионот имаат високи или многу високи климатски индекси со тоа што Романија и Македонија имаат најниски споредбено со останатите земји.

35) https://www.numbeo.com/crime/indices_explained.jsp
36) https://www.numbeo.com/health-care/indices_explained.jsp
37) https://www.numbeo.com/cost-of-living/cpi_explained.jsp
38) https://www.numbeo.com/traffic/indices_explained.jsp
39) Ibid.

Табела 4:

Група индекси кои го сочинуваат Индексот на квалитет на животот по земји

Земја	Индекс на безбедност		Индекс на здравствена заштита		Индекс на трошоци за живот		Индекс на времетраење на сообраќаен метеж		Климатски индекс	
Албанија	59,38	умерено	61,20	високо	38,01	многу ниско	43,83	умерено	87,30	многу високо
Босна и Херцеговина	59,92	умерено	59,61	умерено	39,37	многу ниско	27,76	ниско	78.89	високо
Бугарија	59,68	умерено	52,20	умерено	41,40	многу ниско	29,13	ниско	81,65	многу високо
Хрватска	71,96	високо	64,73	високо	55,89	ниско	29,56	ниско	88,84	многу високо
Косово	64,90	високо	62,50	високо	29,82	многу ниско	23,5	многу ниско	76,84	високо
Македонија	61,86	високо	63,03	високо	34,57	многу ниско	32,97	ниско	76,30	високо
Црна Гора	61,70	високо	45,03	умерено	44,61	многу ниско	22,00	многу ниско	88,40	многу високо
Романија	71,32	високо	54,33	умерено	39,76	многу ниско	32,70	ниско	75,93	високо
Србија	60,94	високо	53,02	умерено	38,99	многу ниско	28,98	ниско	82,70	многу високо

Извор: Податоци преземени од Нумбео[40]

40) https://www.numbeo.com/quality-of-life/

Заклучок

Општи заклучоци и препораки

Република Македонија, каде стапката на сиромаштија изнесува скоро 22% од вкупното население, каде речиси 1/3 од децата живеат во сиромаштија, а тоа го нарушува нивниот здрав развој и пристапот до квалитетно образование, каде јазот на нееднаквоста се шири, каде младите се со највисока стапка на невработеност и затоа во просек одлучуваа да ја напуштат земјата, бара од Владата да почне да користи и друга метрика за развој и прогрес за да може поефикасно да ја прилагоди својата агенда кон потребите на граѓаните.

Предлагаме, ДЗС да почне да мери редовно и паралелно на БДП и друга мерка за развојот на Република Македонија. Ова затоа што БДП треба пред се да служи за мониторинг на она што тој мери, а не да се користи/злоупотребува како прокси мерка за развој, квалитет на живот, прогрес и навивачко препукување помеѓу политичарите. Во таа насока, за да се отвори јавна дебата за тоа што е важно за граѓаните на Република Македонија, за да може да се постават поефикасни цели, и политики од страна на извршната власт и за да може да се постави систем за мониторинг на ефикасно, ефективно и економично користење на јавните ресурси кон подобрување на квалитетот на живот и среќа на граѓаните на Република Македонија е изработен овој труд.

Разгледавме неколку индикатори кои мерат различни феномени и кои може да се користат за разни цели. На ординална скала на наредната табела ги даваме резултатите за овие индикатори за Западен Балкан, Грција и Хрватска за да уште еднаш поентираме дека политичката злоупотреба на статистиките е јалова и не носи никакви резултати од значење за граѓаните. Впрочем, ЦЕА во 2012 година пресмета дека политичките партии имаат голема усогласеност и сличност меѓу програмските определби за најпроблематичните области: фискална политика и раст на државниот сектор; образованието; здравството; невработеноста. Но, токму во овие области и покрај евидентниот меѓупартиски консензус, дневно политичките судири се најголеми и тешко се доаѓа до прогрес токму во подрачјата каде постои силно изразен политички консензус.[41]

41) Политички консензус за економската иднина на Република Македонија, ЦЕА, 2012: http://cea.org.mk/documents/Politicki_konsenzus.pdf.

Табела 5: *Ординално ранѓирање ѿо разни индикаѿори за избрани земји (црвено најниско ранѓирање, зелено највисоко ранѓирање)*

Земја	БДП по глава на жител 2016	Просечна годишна БДП стапка на раст (2005-2016)	Џини коефициент 2013	Просечно очекувано траење на живот, 2015	Индекс на задоволство од животот 2012/13	Индекс на среќа, 2016	Индекс на квалитет на животот, август 2017
Албанија	9	2	3	2	10	10	10
Б. и Х.	8	7	6	4	7	7	6
Бугарија	4	6	8	9	9	9	7
Хрватска	2	9	5	3	4	3	1
Грција	1	10	7	1	5	6	4
Косово	10	1	1	10	6	4	5
Македонија	7	3	9	6	3	8	9
Црна Гора	5	5	4	5	2	5	3
Романија	3	4	2	8	1	1	2
Србија	6	8	10	7	8	2	8

Извор: Нумбео, Свеѿска Банка, Обединеѿи нации, Меѓународна орѓанизација за миѓрација

Од табелата јасно може да се види дека за Македонија да се биде трета земја во оваа група по раст на БДП не значи дека ќе имате значителен доход по глава на жител (7-мо место), дека ќе имате пониска нееднаквост помеѓу граѓаните (на 9-то место) и дека квалитетот на живот е подобар (9-то место). За Македонија е јасно од овие индикатори дека за да постигне подобро рангирање на ординалната скала ќе треба да поработи пред се на причините кои водат до нееднаквост и на детерминантите кои водат до по-квалитетен живот (загадување, здравство, сообраќаен метеж итн.).

Понатаму, јасно може да се види дека ако сте прво рангирани како земја со најмала не-еднаквост (Косово) не значи и дека имате високо очекување на траење на живот каде по-кажувате како земја најниски резултати (Косово). Од друга страна, може да имате и добро рангирање во очекување на траење на живот и стапка на БДП раст но вашите граѓани да бидат најмалку среќни и со најниско задоволство и квалитет од животот (Албанија).

Секако дека може да се извадат многу заклучоци од табелата но она што останува е фактот дека политичарите не треба да ги злоупотребуваат статистиките туку треба да ги користат за креирање на консензус во општеството за креирање на приоритети кои нема да бидат палијативни, краткорочни и корелирани со изборниот временски хоризонт.

Детални заклучоци

1. Во РМ развиеноста на економијата е сведена на ниво на мерење на БДП каде што се губи смислата за реален приказ на развиеноста на една економија бидејќи честопати БДП се смета како цел но во суштина БДП претставува само мониторинг индикатор.
2. За време на глобалната финансиска и економска криза, македонската економија доживеа подобри резултати од сите земји во регионот освен Албанија и Косово. Во годините од 2013 до 2015 година, стапката на раст на БДП на РМ бележи раст во континуитет и во 2015 година изнесува 3,67% меѓутоа далеку од највисоката вредност во разгледуваниот период каде што истата изнесувала речиси двојно повеќе или 6,47% во 2007 година.
3. Иако БДП по глава на жител во Македонија се зголемува после 2000 та година, сепак тој во 2015 година е за 15 пати понизок од БДП по глава на жител за ЕУ 28 и споредено со 2000 та година јазот е зголемен за 5 пати.
4. Доколку просечната стапка на раст на Македонија се зголеми од 3,19% на 7%, на Македонија би и биле потребни цели 30 години за да го достигне нивото на БДП по глава на жител на ЕУ.
5. Кога ќе се постигне нивото на БДП, по кое БДП расте, а ИЕОБ опаѓа, тогаш благосостојбата на граѓаните не може да се реши само со економски раст, туку со решавање проблеми во нееднаквоста, сиромаштијата и заштитата на животната околина во најмала рака.
6. Македонија се наоѓа на 82 место од вкупно 188 земји од светот согласно Индексот на Човеков Развој. Иако Македонија се категоризира во земјите кои имаат висок ИЧР, сепак таа заостанува во однос на земјите од регионот поточно од Југоисточна Европа и Западен Балкан.
7. Албанија, Босна и Херцеговина и Македонија имаат најнизок БНП по глава на жител во регионот, понизок речиси три пати од просекот на ЕУ земјите.
8. И покрај намалувањето на Џини индексот на Македонија во континуитет за периодот 2010-2015 година, сепак јазот меѓу богатите и сиромашните во Македонија (заедно со Србија) за 2013 година е најголем во споредба со земјите од регионот. Македонија се наоѓа во зоната со високи доходни нерамномерности и високи класни разлики.
9. Оттука, намалувањето на Џини индексот не се должи на политиките за порамномерна распределба на националното богатство туку повеќе како резултат на политиката на вработувања во државниот и во приватниот сектор во последните неколку години.
10. Во 2014 година, ситуацијата е значително променета, па така за здравство во Македонија се потрошени 6,5% од БДП, од кои 2-3 процентни поени е приватно финансирање. Просекот за ЕУ 28 изнесува 8% од БДП.

11. Додека вкупните расходи за здравство како процент од БДП се намалуваат поради намаленото процентуално учество на јавното финансирање во вкупното кое можеби се должи на порастот на БДП, а расходите за здравство по глава на жител се зголемуваат не е показател за подобрување на ефикасноста на здравствениот систем.
12. Истражувања на ЦЕА покажуваат дека доколку се редуцираат расходите за здравство на граѓаните на Република Македонија со поквалитетно јавно здравство, тогаш ефектот за излегување на домаќинства надвор од зоната на ризик од сиромаштија може да биде и до скоро 4% од вкупниот број на граѓани под ризик од сиромаштија во Република Македонија.
13. Стапката на смртност на доенчиња, е намалена од 12,4 во 2004 на 11 во 2007 и на 4,8 на 1000 живородени деца во 2015 година. Но, и покрај постигнатите резултати, и трендот на намалување, доколку направиме споредба со просекот на ЕУ каде стапката на смртност на доенчиња во 2015 година изнесувала 3,7 на 1000 живородени деца, се согледува дека стапката на смртност на доенчиња во Македонија е повисока.
14. На Македонија и се потребни 5 години со стапка на намалување од 0,089 (просечна стапка на намалување за периодот 1990-2015 година изнесува 0,073) за да го достигне нивото на просечната стапка на смртност на доенчиња од 3,0 на 1000 новородени деца во ЕУ.
15. Во 2016 година, стапката на смртност на доенчиња согласно податокот од ДЗС изнесува 11,9 на 1000 живородени деца додека според податокот од Светска Банка, истиот изнесува 4,4 на 1000 живородени деца.
16. Според очекуваното траење на животот на жените, Македонија се наоѓа на претпоследно место, пред Косово, со просечен животен век од 77,9 години. Од друга страна, очекуваното траење на животот на мажите во Македонија е околу просекот во регионот и просечниот животен век е 73,2 години.
17. Граѓаните во Македонија, Романија и Црна Гора се позадоволни од граѓаните на останатите земји во регионот од економската состојба во која се наоѓаат, социјалните односи со семејството, пријателите и соседите, интеграцијата во пошироко општество и кариера како и физичка здравствена состојба во која се наоѓаат.
18. Задоволството од животниот стандард во Македонија, иако во пораст и споредливо, во рамките на регионот, заедно со нивото на Хрватска, е низок во однос на просекот на ЕУ (6,9).
19. Според Светскиот индекс на среќа за 2016 година, Македонија (5,175) се наоѓа на 92то место од вкупно 155 рангирани земји и на 8мо место од 10 земји во регионот и е бодувана меѓу понесреќните земји од регионот заедно со Црна Гора (5,237) и Грција (5,227).

20. Сите земји во регионот ги почитуваат меѓународните стандарди за времетраењето на породилното отсуство од минимум 14 недели. Во Македонија, породилното отсуство трае 39 недели, и се исплаќа 100% од основицата но не повеќе од 4 просечни плати пресметани согласно претходната година.

21. Македонија се наоѓа на седмото место од вкупно десет земји во регионот по најдолго времетраење на породилно отсуство. Младите мајки во Македонија имаат подолго платено породилно отсуство од оние од Романија, Грција и Хрватска. Бугарија е единствената земја во регионот која овозможува 58 недели платено породилно отсуство и со тоа се класифицира како земја со најповолни услови за породилно отсуство во регионот и во Европа со покривање на 90% од просечната дневница или осигурените приходи на мајките кои се на породилно отсуство.

22. Во РМ во Законот за работни односи нема законска одредба за платено породилно отсуство за таткото туку постои законска одредба за отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете, доколку и само ако отсуството од работа за родителство не го користи работничката - мајка.

23. Во август 2017 година, Македонија се вбројува во земјите со умерена вредност на индексот на квалитет на живот (104,17). Споредбено со земјите од регионот, Албанија и Македонија имаат релативно пониски индекси на квалитет на животот.

- Во Македонија и во половина од земјите во регионот индексот на куповна моќ има многу ниска вредност што значи дека нивото на цени се зголемува со поголема стапка од паричниот приход или доколку паричните приходи се исти а нивото на цени се зголемува, индексот на куповна моќ се намалува.
- Во иста насока, соодносот на цената на недвижности и приходи е висок во Албанија, Црна Гора, Македонија и Косово што дополнително укажува на тоа дека и куповната моќ на граѓаните во овие земји е релативно слаба.
- Еден од факторите кои ја објаснуваат многу високата вредност на Индексот на загадување е загадувањето на воздухот во РМ каде што овој индекс најмногу го оптоварува Индексот на квалитет на животот и значително ја намалува неговата вредност.

Индексот на безбедност во Македонија е висок (повисоко е подобро) и се категоризира во земјите кои се многу безбедни.

- Индексот на здравствена заштита (повисоко е подобро) во Хрватска и Македонија има највисока вредност од земјите во регионот што укажува на тоа дека постои добар квалитет на здравствениот систем во овие две земји и подобар од останатите земји во регионот.
- Во Македонија и Косово, индексот на трошоци за живот (пониско е подобро) има многу ниска вредност и најниска споредбено со останатите земји од регионот што значи дека трошоците за живеење на граѓаните се ниски, додека пак во

Хрватска индексот на трошоци за живот има највисока вредност во однос на земјите од регионот.

- Согласно индексот на времетраење на сообраќајниот метеж (пониско е подобро), иако Македонија има низок индекс и Албанија умерен индекс, сепак тие се двете земји од регионот каде граѓаните трошат поголемо време во сообраќај од другите земји.

Издавач Центар за економски анализи–ЦЕА
За издавачот Марјан Николов
Наслов БДП – ФЕТИШОТ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Автори Д–р Марјан Николов
Ана Марија Петровска
Компјутерска обработка и дизајн Мирослав Милановиќ
Број на копии 50
Печат Глобал Комуникации

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

330.55(497.7)(047.31)

ПЕТРОВСКА, Ана Марија
БДП-фетишот во Република Македонија : што значи квалитет на живот и прогрес за граѓаните во Република Македонија?! / Ана Марија Петровска, Марјан Николов. - Скопје : Центар за економски анализи-ЦЕА, 2017. - 40 стр. : граф. прикази ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4731-36-8
1. Николов, Марјан [автор]
а) Бруто домашен производ - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 104206090

Center for Economic Analyses

БДП-ФЕТИШОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА